ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# ГОДИШНА ПРОГРАМА

# ЗА РАБОТА НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

# ЗА 2022 ГОДИНА

**Скопје, декември 2021 година**

INTERCERT system certification
ISO 9001:2015 CERTIFIED
Q-025/2018

ДЗР-Q-930-101/Изм.01

## КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| CAAT's | Компјутерски потпомогнати ревизорски техники |
| ISSAI | Меѓународни стандарди на Врховни ревизорски институции |
| ВРИ | Врховни ревизорски институции |
| ГДР | Главен државен ревизор |
| ДЗР | Државен завод за ревизија |
| ЕСР | Европски суд на ревизори |
| ЕУ | Европска Унија |
| EUROSAI | Европска организација на врховни ревизорски институции |
| ЗДР | Закон за државната ревизија |
| IDI | Иницијатива за развој во рамки на INTOSAI (непрофитна организација која има за цел зајакнување на институционалните капацитети на ВРИ во земјите во развој во рамки на регионалните работни групи на INTOSAI) |
| INTOSAI | Меѓународната организација на врховни ревизорски институции |
| ИПА | Инструменти за претпристапна помош (Pre-accession assistance) |
| ISACA | Меѓународна организација за ИТ ревизија |
| ИТ | Информатичка технологија |
| НПАА | Национална програма за усвојување на правото на ЕУ |
| ОЕЦД | Организација за економска соработка и развој |
| ПГДР | Помошник на главниот државен ревизор |
| РГ | Работна група |
| РСМ | Република Северна Македонија |
| SIGMA | Поддршка во подобрување на управувањето и раководењето (здружена иницијатива на ОЕЦД и ЕУ) |
| PEFA | Програма за јавни расходи и финансиска отчетност (ПЕФА), која од 2001 година е прифатена како стандард за оценување на управувањето со јавните финансии. |
| UN Women | Ентитет на Обединетите нации за родова еднаквост и зајакнување на жените |
| МЗШВ | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| АХВ | Агенција за храна и ветеринарство |

Врз основа на член 9 точка 2 од Законот за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија бр. 66/10, 145/10, 12/14, 43/14, 154/15, 192/15, 27/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21), член 3 и член 4 од Правилникот за начинот на вршење на државната ревизија („Службен весник на РСМ“ бр. 264/20) и член 52 од Правилникот за внатрешна организација на Државниот завод за ревизија бр. 01-802/1 од 31.08.2020 година, како и Упатството за стратешко и годишно планирање на ревизиите број 02 – 735/1 од 09.07.2020 година, главниот државен ревизор донесе:

# Г О Д И Ш Н А   П Р О Г Р А М А
## за работа на Државниот завод за ревизија за 2022 година

## 1. Изготвување и донесување на Годишната програма за работа на ДЗР за 2022 година

Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2022 година (во натамошниот текст: Годишна програма на ДЗР за 2022 година), е изготвена врз основа на Стратешкиот план за ревизија на Државниот завод за ревизија за 2021 – 2023 година број 01-1091/1 од 25.12.2020 година и во согласност со целите и приоритетите од Стратегијата за развој на Државниот завод за ревизија 2018 – 2022 година број 03-723/1 од 21.12.2017 година, како и расположливите ресурси на ДЗР.

Годишната програма на ДЗР за 2022 година е изготвена и донесена согласно постапката утврдена во Упатството за стратешко и годишно планирање на ревизиите број 02 – 735/1 од 09.07.2020 година (во натамошниот текст: Упатството).

Согласно Упатството, годишното планирање опфаќа период од една (1) календарска година и завршува со изготвување на годишна програма за вршење ревизии, која ја донесува главниот државен ревизор.

Годишната програма во делот за вршење ревизии ги вклучува предложените и избрани ревизии врз основа на примена на критериуми уредени согласно професионалните стандарди на ИНТОСАИ.

Во Годишната програма за работа на ДЗР се планирани и активности кои се однесуваат на методолошки аспекти на ревизиите, меѓународната соработка, едукацијата на ревизорите, извештаи и анализи, активностите поврзани со проекти, поддршката на ревизијата и други релевантни активности.

Годишната програма за работа на ДЗР се доставува до Собранието на Република Северна Македонија најдоцна до месец декември во тековната за наредната година, заради информирање.

Годишната програма за работа на ДЗР содржи Акциски план за реализација на годишната програма за работа и преглед на субјекти кои се предмет на ревизија во тековната година.

## 2. Приоритети за планираните активности за 2022 година

Главните приоритети на Државниот завод за ревизија за 2022 година произлегуваат од надлежностите пропишани со одредбите од Законот за државната ревизија, друга релевантна законска рамка, стратешките документи на Државниот завод за ревизија, приоритетите и мерките кои се утврдени со нацрт Програмата за реформа на управувањето со јавните финансии 2022 – 2025 година, забелешките содржани во Извештајот за РСМ на Европската Комисија за Поглавје 3.32. Финансиска контрола, како и препораките содржани во извештаите од оценките на SIGMA и PEFA спроведени во 2021 година.

Во Извештајот за РСМ за 2021 година на Европската Комисија во однос на подрачјето Надворешна ревизија кое е во надлежност на Државниот завод за ревизија се посочени следните аспекти за кои е потребно подобрување:

- Законот за Државниот завод за ревизија (ДЗР) е во голема мера усогласен со стандардите на Меѓународната организација на врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ). Сепак, во моментов е во тек дополнително усогласување на правната рамка, со цел да се обезбеди подобрена функција на надворешната ревизија во јавниот сектор, како и зголемена финансиска и оперативна независност на ДЗР. Сè уште не се воведени уставните измени со кои се предвидува независност на ДЗР;
- Постигнат е напредок во подигнувањето на јавната свест за активностите на ДЗР, зголемувањето на интересот на медиумите, како и во спроведувањето на Комуникациската стратегијата за периодот од 2020 до 2023 година;
- Квалитетот на ревизорската работа може да се смета за доволен и усогласен со стандардите на ИНТОСАИ и
- Во однос на влијанието на ревизорската работа, препораките на ДЗР не се ефикасно спроведени од страна на ревидираните субјекти.

Со цел подобрување на управувањето со јавни финансии што претставува еден од клучните приоритети, по завршување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии 2018 – 2021 (во натамошниот текст: Програмата за реформа на УЈФ), во периодот октомври – декември 2021 година Секторската работна група формирана со решение на Министерот за финансии изготви нова нацрт Програмата за реформа на УЈФ за период 2022 – 2025 година. Со Програмата за реформа на УЈФ се настојува да се зајакне системот на јавни финансии, да се промовира транспарентноста, отчетноста, фискалната дисциплина и ефикасноста во управувањето и користењето јавни ресурси со цел подобрување на обезбедувањето услуги и економски развој. Во нацрт Програмата за реформа на УЈФ се утврдени приоритети, меѓу кои и за надворешна контрола и парламентарен надзор, а кои се во надлежност на Државниот завод за ревизија. Целта на овие приоритети е зајакнување на управувањето со јавни финансии и обезбедување

отчетност во користење јавни средства преку зајакнување на правната рамка за надворешна ревизија со постигнување на уставна независност на ДЗР и зајакнување на финансиската и оперативната независност во согласност со принципите, стандардите и упатствата на ИНТОСАИ, воспоставување механизам за проактивна улога за разгледување на ревизорските извештаи во Собранието и преземените мерки по дадените препораки во ревизорските извештаи и зајакнување на институционалните капацитети на надворешната ревизија и за разгледување на ревизорските извештаи во Собранието.

По усвојување на нацрт Програмата за реформа на УЈФ за периодот 2022 - 2025 година од страна на Владата на РСМ, истата ќе се спроведува преку акциски планови кои ги одобрува Владата на РСМ за секоја година во текот на периодот на спроведување на Програмата, во кои детално се образложуваат мерките, активностите и под активностите на Програмата за реформа на УЈФ што ќе се спроведуваат во годината, се дефинираат конкретни целни вредности за показателите што треба да се достигнат и се прикажува процената на трошоците и изворите на средства потребни за спроведување на овие активности. Во Акцискиот план за 2022 година ќе бидат содржани активностите и под активностите за спроведување на мерките и за остварување на целните вредности за показателите кои се однесуваат на приоритетот кој е во надлежност на ДЗР.

Согласно Заклучокот под реден број 3 од Извадок од Нацрт – записникот од Седумдесет и седмата седница на Влада на РСМ одржана на 21 јули 2020 година, се препорачува ДЗР да ги спроведе активностите од Акцискиот план со предвидената динамика и за истото да бидат обезбедени потребните ресурси (материјално-технички, човечки и финансиски).

Значајни препораки се содржани и во Извештајот на Канцеларијата на ОБСЕ за демократски институции и човекови права од спроведената Мисија за набљудување на изборите во кој во делот на приоритетни препораки содржани се следните:

> „6. Државниот завод за ревизија треба да биде обврзан да ги прегледува периодичните извештаи и навремено да ги објавува наодите. Рокот за доставување на конечните извештаи не треба да надминува еден месец по изборите. Правилата треба да ги разјаснат структурата на извештаите и соодветните одредби за да се обезбеди еднообразност на извештаите за финансирање на кампањата.
>
> 7. Опсегот на ревизиите на Државниот завод за ревизија (ДЗР) треба да обезбеди опсежен преглед на почитувањето на правилата за финансирање на кампањата, **а на ДЗР треба да му бидат доделени неопходните истражни овластувања. За да се зајакнат транспарентноста и ефективноста на надзорот на финансирањето на кампањите, ДЗР треба да има соодветни ресурси и техничка експертиза.**“

Овие аспекти за кои се укажува во горespоменатите извештаи и програми се преточени во стратешките документи на ДЗР, како што се:

- Стратегија за развој на ДЗР 2018 – 2022;
- ИТ Стратегија на ДЗР 2018 – 2022;
- Стратегијата за управување со човечките ресурси 2020 – 2023 година;
- Комуникациската стратегија на ДЗР 2020 – 2023 година;
- Стратегијата за управување со ризиците на Државниот завод за ревизија 2020-2023 година,
- Стратешки план за ревизија на Државниот завод за ревизија за 2021 – 2023 година;
- Упатството за стратешко и годишно планирање на ревизиите, и
- Одлуката за определување на стратешки цели за ревизии на Државниот завод за ревизија за период 2021 – 2023 година и за приоритетни области за ревизии по сектори кои вршат ревизија.

Во Стратегијата за развој на Државниот завод за ревизија 2018 – 2022 се содржани заложбите за зајакнување на независноста и интегритетот како предуслови за остварување на професионалноста и кредибилитетот во работењето, за промовирање и подобрување на имплементацијата на меѓународните принципи и стандарди содржани во Рамката за професионални објави на ИНТОСАИ, како и за континуирано следење на ефектите од извршените ревизии и степенот на исполнување на препораките содржани во ревизорските извештаи.

Во текот на 2022 година ќе се реализираат активности кои се однесуваат на стратешките цели (СЦ) и непосредните цели (НЦ) утврдени во Стратегијата за развој на Државниот завод за ревизија 2018 – 2022 година, во однос на:

- Подобрување на правната рамка за државната ревизија заснована врз меѓународни стандарди и најдобри практики на ЕУ;
- Подобрување на стратешкото и годишното планирање на ДЗР за да се осигури дека ДЗР ќе може и понатаму да ги утврдува приоритетите на својата работа и да одржува соодветен опфат на ревидираните расходи на долг рок;
- Примена на етичките стандарди во ДЗР;
- Подобрување на капацитетите на ДЗР преку изготвување на подобрена правна, стратешка и методолошка рамка за ревизија;
- Подобрена координација и соработка со клучните засегнати страни во системот на државната ревизија;
- Подобрување на ревизорските процеси во согласност со меѓународните стандарди и најдобрите практики на ЕУ;

- Подобрување на капацитетите на ревизорите, особено за ревизијата на успешност;
- Подобрување на следењето на препораките за ревизија од субјектите на ревизија и Собранието на РСМ;
- Подобрување на законската рамка и методолошка рамка на ДЗР и Собранието на РСМ за доставување и разгледување на ревизорските извештаи;
- Подобрување на соработката помеѓу Собранието на РСМ и ДЗР за разгледување на ревизорските извештаи;
- Зајакнување на капацитетите на Собранието на РСМ за разгледување на ревизорските извештаи согласно новата законска и методолошка рамка;
- Подобрување на известувањето за работењето на ДЗР и резултатите од ревизијата;
- Подобрување на протокот на документи и информации за внатрешна и надворешна комуникација;
- Подобрување на комуникациските политики и процедури поврзани со медиумите и релевантните засегнати страни;
- Зголемување на капацитетите за ИТ и ИТ ревизија и
- Подобрување на системот за управување со безбедноста на информациите на ДЗР.

Корелацијата помеѓу стратешките и непосредните цели содржани во Стратегијата за развој на ДЗР и планираните активности со Годишната програма на ДЗР за 2022 година е претставена во **Прилог број 2** на оваа Годишна програма.

Со оглед на тоа што истекува периодот за кој се однесува Стратегијата за развој на Државниот завод за ревизија 2018 – 2022, со поддршка на Твининг проектот „Подобрување на надворешната ревизија и парламентарниот надзор" МК 18 ИПА ФИ 03 20 (во натамошниот текст: Твининг проектот), во 2022 година ќе се заврши и изготвувањето на новата Стратегија за развој на ДЗР за период од пет години со Акциски план за нејзино реализирање. Со изготвувањето на новата Стратегија ќе се утврдат измени на мисијата и визијата на ДЗР и ќе се утврди потребата за подготовка на нова ИТ Стратегија на ДЗР и другите стратешки документи на ДЗР, со оглед дека истите произлегуваат од Стратегијата за развој на ДЗР.

Во 2022 година ќе се спроведат активности за спроведување на постојната ИТ Стратегија на Државниот завод за ревизија 2018-2022 година, со цел да се зголеми ефикасноста на информацискиот систем на Државниот завод за ревизија во согласност со Стратегијата за развој на Државниот завод за ревизија, како и за изготвување на нова ИТ Стратегија за период од пет години.

За реализација на Стратегијата за управување со човечките ресурси во ДЗР 2020-2023 година, и во 2022 година ќе се продолжи со нејзината имплементација преку преземените активности за воведување на функцијата управување со човечките

ресурси во ДЗР, со што ќе се обезбеди и во иднина вработување на квалификувани и стручни лица со висок степен на интегритет, подготвени ефективно да ги извршуваат доделените функции и надлежности и ќе се промовира развој на професионалните квалитети на вработените и воспоставување на реален систем на оценување на успешност во работењето, преку фер и транспарентни процедури за професионален и кариерен развој на вработените, како и воведување на дополнителни материјални и други стимулации за вработените. Во 2022 година, ќе се преземат активности за формирање на работни групи за подготовка на процедури за системот на мерки за ротација на вработените, со цел обезбедување на непристрасност во извршувањето на државната ревизија, како и подготовка на процедура за внатрешните комуникациски процеси која ќе се обезбеди воспоставување на механизми за добивање на сите информации преку формални канали, а која ќе придонесе за зајакнување на свеста на вработените за тоа што се случува во институцијата и за нивната улога во остварувањето на стратешките цели на институцијата.

Предвидени се повеќе активности за спроведување на Комуникациската стратегија на ДЗР 2020-2023 година во насока на развој на комуникацискиот систем, размена на информации со засегнатите страни и информирање на јавноста за работата на ДЗР, со цел да се обезбеди проток на информациите на хоризонтално и вертикално ниво на комуникација.

Планираните активности за 2022 година во значајна мерка ќе бидат подржани со Твининг проектот финансиран од програмата на ЕУ ИПА 2018 во вкупен износ од **1.500.000 евра**, чија имплементација започна на 1 февруари 2021 година во времетраење од 21 месец. Твининг проектот се реализира во соработка со твининг партнерите – Врховните ревизорски институции на Република Хрватска и Република Бугарија. Активностите на Твининг проектот се фокусирани на ефективно регулирање на уставноста на ДЗР, јакнење на неговата финансиска и оперативна независност како и воспоставување на редовен и ефикасен механизам за разгледување на ревизорските извештаи од страна на Собранието на РСМ, следејќи ја најдобрата пракса на земјите од Европската унија.

Во рамките на поддршката на реформите, Владата на Обединетото Кралство преку Фондот за добро владеење на Велика Британија, во 2022 година ќе обезбеди континуитет на поддршката на Државниот завод за ревизија со проектот, наменет за имплементација на донесената Комуникациска стратегија на Државниот завод за ревизија за 2020 – 2023 година. Проектот ќе се спроведува во соработка со Вестминстер фондацијата за демократија (WFD). Во текот на 2022 година, проектните активности насочени кон комуникацијата и транспарентноста на ДЗР со медиумите и истражувачките новинари, ќе продолжат да се реализираат преку интензивирање на меѓусебната соработка и организирање на брифинзи за новинари, прес-конференции и состаноци со истражувачки новинари. Дополнително, ќе се интензивираат активностите насочени кон воспоставување ефикасна комуникација со надлежните институции (Собрание на РСМ, Јавно обвинителство на РСМ и Министерство за финансии) преку организирање на работилници, состаноци и обуки со претставници од институциите.

## 3. Избор на субјекти за вршење ревизија

Годишното планирање на ревизиите се извршува во согласност со одредбите од Законот за државната ревизија, согласно кој задолжително еднаш годишно се врши ревизија на Буџетот на Република Северна Македонија и на Буџетите на фондовите, а кај другите субјекти се врши во рокови утврдени со Годишната програма за работа на ДЗР.

Изборот на субјектите за ревизија е извршен согласно член 22 и 23 став 1 од Законот за државната ревизија, Правилникот за начинот на вршење на државната ревизија, Упатството за стратешко и годишно планирање на ревизиите, Одлуката за определување на стратешки цели за ревизии на Државниот завод за ревизија за период 2021 – 2023 година и за приоритетни области за ревизии по сектори кои вршат ревизија, Стратешкиот план за ревизија на Државниот завод за ревизија за 2021 – 2023 година како и предлозите од засегнатите страни.

Согласно Упатството, Годишната програма во делот за вршење ревизии ги вклучува предложените ревизии од ГДР и од секторите за ревизија, кои се предложени и избрани врз основа на примена на критериумите уредени согласно професионалните стандарди на ИНТОСАИ и добиените барања од засегнатите страни.

### 3.1. Отвореност на ДЗР за предлози за вршење на ревизии при подготовка на Годишната програма

Неминовно е да се истакне дека Државниот завод за ревизија чувствувајќи ја потребата од зголемување на својата **транспарентност, отчетност и одговорност** во извршувањето на со закон делегираните надлежности, во рамки на подготвувањето на Годишната програма за работа на ДЗР за 2022 година достави известување за доставување на барања/предлози за вршење на ревизии до преку 380 засегнати страни и во исто време на својата веб страна постави образец „Барање за ревизија[1]“.

Заклучно со денот на изготвување на Годишната програма за работа на ДЗР за 2022 година, пристигнати се вкупно 38 барања, од кои во најголем дел се барања доставени од граѓани или 47% и од страна на ЕЛС или 21%.

Од пристигнатите барања, во рамки на подготвувањето на Годишната програма за работа на ДЗР за 2022 година прифатени се 15 барања или 39% од вкупно добиените барања, а во согласност со стратешките документи, критериумите за избор уредени согласно професионалните стандарди на ИНТОСАИ и расположливите ресурси за ревизија. Структурата на пристигнати и прифатени барања по видови на субјекти кои ги доставиле барањата е прикажана во преглед број 1.

[1] https://dzr.mk/mk/211026-dostavuvane-na-baranapredlozi-za-vrshene-na-revizii

Преглед бр. 1 Пристигнати барања и прифатени барања по видови на субјекти кои ги доставиле барања

| Субјекти кои доставиле барања | Пристигнати барања | Прифатени барања |
|---|---|---|
| ЕЛС | 8 | 5 |
| Институции | 7 | 2 |
| НВО и здруженија | 5 | 2 |
| Граѓани | 18 | 6 |
| Вкупно: | 38 | 15 |

Од вкупниот број на пристигнати барањата за ревизија во најголем дел или 53% се однесуваат за ревизија на ЕЛС и јавни претпријатија и трговски друштва основани од ЕЛС, а значајно учество имаат и барањата за ревизија на субјекти од областа на културата со 16%, од областа на образованието и спортот со 16%, како и други видови субјекти и области.

Прифатените барања за ревизија во најголем дел или 60% од вкупниот број на прифатени барања се однесуваат на ревизија на ЕЛС и јавни претпријатија и трговски друштва основани од ЕЛС, а исто така се прифатени барања во однос на субјекти вклучени во изборниот процес, субјекти од областа на културата и социјалната заштита и образованието и спортот детално прикажано во **преглед број 2** Пристигнати и прифатени барања по видови субјекти и области на кои се однесуваат.

Преглед бр. 2 Пристигнати барања по видови субјекти и области на кои се однесуваат

| Субјекти и области за кои се доставени барања | Пристигнати барања | Прифатени барања |
|---|---|---|
| Субјекти вклучени во изборниот процес | 2 | 2 |
| Субјекти од областа на културата | 6 | 2 |
| Субјекти од областа на судството и правосудството | 1 | |
| Субјекти од областа на социјалната заштита | 1 | 1 |
| ЕЛС и ЈП и ТД основани од ЕЛС | 20 | 9 |
| Субјекти од областа на образованието и спортот | 6 | 1 |
| Субјекти од областа на здравството | 1 | |
| Здруженија | 1 | |
| Вкупно | 38 | 15 |

Согласно пропишаните критериуми во Упатството, ДЗР во 2022 година планира да изврши вкупно **183 ревизии**, кои се прикажани во Прегледот на планирани ревизии, кој е составен дел на Годишната програма за работа на ДЗР за 2022 година (Прилог 1), од кои:

- 166 ревизии на регуларност;
- 12 ревизии на успешност, и
- 5 ревизии на усогласеност.

Од вкупно планираните ревизии, 45 ревизии се однесуваат на субјекти и теми за ревизија согласно Законот за државната ревизија, а 138 ревизии се однесуваат на субјекти кои се учесници во Локалните избори 2021 – за избори за членови на советите на општините и советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и градоначалник на градот Скопје, од кои дел се пренесени од Годишната програма за работа на ДЗР за 2021 година.

Во рамки на Годишната програма за работа на ДЗР за 2022 година, планирани се **вкупно 12 ревизии на успешност**, од кои 8 ревизии на успешност ќе бидат спроведени како пилот ревизии во рамки на Твининг проектот во соработка со експертите од ВРИ на Хрватска, Бугарија и Естонија, а 2 ревизии на успешност ќе бидат спроведени како кооперативни ревизии во соработка со ВРИ на Хрватска и Србија.

Зголемениот број на ревизии на успешност со Годишната програма за работа на ДЗР за 2022 година согласно методолошките акти на ДЗР и меѓународните стандарди ќе предизвика од една страна ангажирање на човечки ресурси на ДЗР во подолг временски, опфат на поголем број на субјекти предмет на ревизија давање совет за мерките и активностите во областа предмет на ревизија но во исто време и намалување на бројот на ревизии на регуларност.

Со ревизиите на успешност во 2022 година, ќе бидат опфатени следните области и теми:

- Реформа на јавната администрација;
- Обезбедување на приходи по основ на проширена репродукција на шумите во Буџетот на РСМ;
- Даноците за животна средина во функција на ефективно спроведување на политиките за заштита на животната средина;
- Рамномерен регионален развој со посебен акцент на демографијата;
- Подготвеноста на енергетскиот систем да се справи со енергетска криза;
- Систем за управување со кризи и заштита од пожари;
- Ефикасност на политики и мерки за заштита, управување и ревитализација на недвижното културно наследство;
- Користење на водите за наводнување;

- Ефективност на спроведување на Стратегијата за реформи во правосудниот сектор 2017 – 2022 и спроведување на Акцискиот план на Стратегијата;
- Ефективност на информацискиот систем во Управата за јавни приходи за администрација на јавните давачки;
- Земјоделските регистри во МЗШВ и АХВ во функција на ефективно остварување на правата и исполнување на обврските на земјоделските стопанства; и
- Процес на добивање и користење на средствата од Инструментот Инвестициска рамка за земјите од Западен Балкан (WBIF).

Областите опфатени со наведените ревизии даваат основ за утврдување на начинот на постапување од страна на надлежните органи, но во исто време и обезбедување на активен придонес на Државниот завод за ревизија преку давање препораки за начинот на постапување на истите, давање на оценка за спроведување на реформските процеси, давање совет за начинот на остварување на јавните приходи и користењето на јавните средства, давање совет за начинот на користење на природните ресурси и енергенси, давање совет за заштита на културното наследство и животната средина и давање совет за подобрување на контролното опкружување.

## 4.Организациона поставеност на ДЗР за извршување на Годишната програмата за работа

Програмата за работа на ДЗР за 2022 година ќе се реализира со вкупно 112 вработени овластени државни ревизори, државни ревизори и вработени во секторите за административна поддршка на ревизијата.

Согласно Правилникот за внатрешна организација на ДЗР, вработените се распоредени во 13 /тринаесет/ сектори и 2 /две/ одделенија, од кои 11/единаесет / сектори за ревизија, 2 /два/ сектори за административна поддршка (Сектор за правни и општи работи и јавни набавки и Сектор за финансиски прашања) и 2/две/ самостојни одделенија за внатрешна ревизија и за управување со човечки ресурси.




Ревизијата ја вршат 91 државен ревизор, односно овластени државни ревизори, додека 6 вработени се во секторите за административна поддршка на ревизијата. Структура на вработените во поглед на родовата застапеност и старосната структура на вработените е илустративно прикажана во следниве графикони.







Државниот завод за ревизија во 2022 година ќе преземе активности за зајакнување на ресурсите за спроведување на ревизиите, пред се зајакнување на човечките ресурси преку имплементацијата на новата организација и систематизација на работните места со која се планирани вертикални поместувања на вработените, како и планирани нови вработувања, особено поради пополнување на веќе испразнети работни места како резултат на поголемиот број на заминувања на вработени во пензија во претходните години, а кои работни места подолг период не се пополнети.

## 5. Финансирање на ДЗР

Со Буџетот на РСМ за 2022 година планирани се расходи во износ од 134.580 илјади денари, наменети за финансирање на активностите содржани во Годишната програма за работа на ДЗР за 2022 година. Овие расходи се планирани во целост како расходи на сметката основниот буџет (637), како и 2.970 илјади денари кои се планирани расходи на сметката на основен буџет (631).

Средствата за реализација на оваа годишна програма на сметката на основен буџет (637) се распределени во следните категории на расходи:

| Опис | Расходи на основен буџет (во 000 денари) |
|---|---|
| Плати и надоместоци | 109.280 |
| Стоки и услуги | 15.000 |
| Субвенции и трансфери | 300 |
| Капитални расходи | 10.000 |
| Вкупно | 134.580 |

Во структурата на расходите најголемо учество имаат расходите за плати и надоместоци на вработените со 81,20%, по што следуваат расходите за стоки и услуги со учество од 11,15%, капиталните расходи со 7,43% и расходите за субвенции и трансфери со 0,22%.




## 6. Континуирано професионално усовршување и обуки на вработените

Согласно стратешките определби на ДЗР во 2022 година продолжува спроведувањето на обуки за надградување на професионалните и стручни способности на ревизорите и раководниот кадар во институцијата и воспоставување објективен систем за оцена на степенот и квалитетот при исполнувањето на работните задачи.

Обуките на вработените во ДЗР ќе се извршат согласно Годишниот план за континуирано професионално усовршување на ДЗР за 2022 година, кој се состои од методолошки обуки, на основно и напредно ниво, обуки од сметководство и финансиско известување, обуки од областа на ИТ, како и други обуки.

Во текот на 2022 година ќе се реализираат и обуки преку учество на курсеви, семинари и работилници организирани од работни групи / комитети на INTOSAI / EUROSAI, Европскиот суд за ревизија, SIGMA и други меѓународни професионални организации и асоцијации. Знаењата и професионалните вештини на ревизорите ќе се зајакнуваат и преку стажирања во Европскиот суд за ревизија и учество во меѓународни кооперативни ревизии.

Со Твининг проектот се планирани повеќе активности со цел подобрување на ревизорските капацитети преку спроведување на 15 пилот ревизии, стажирања, студиски посети на ВРИ на земји членки на ЕУ, како и организирање на семинари, тркалезни маси и конференции заради презентирање на изготвените нови или подобрени методолошки акти за ревизиите, споделување на искуствата од спроведените пилот ревизии, презентирање на новиот Етички кодекс на ДЗР, подобрување на соработката на ДЗР со Собранието на РСМ, презентирање на ревизорските извештаи на пратениците, собраниската администрација, медиумите и јавноста и зајакнување на ревизорските вештини за примена на CAATs во ревизиите.

Во 2022 година се планирани и обуки во рамки на Проектот „Зголемување на отчетноста и транспарентноста во Македонија преку подобрена имплементација

на препораките на Државниот завод за ревизија", во соработка со Фондацијата за демократија на Вестминстер (WFD). Согласно Акцискиот план за комуникација со целните групи како составен дел од Стратегијата за комуникација на ДЗР (2020 – 2023 година), во првиот квартал на 2022 година се планирани активности и работилници со претставници на медиумите и истражувачки новинари, во насока на зајакнување на комуникацијата и соработката со цел професионално и етичко известување на утврдените состојби содржани во ревизорските извештаи. Дополнително, планирана е и работилница со претставници на јавното обвинителство на која би се дефинирале меѓу – институционални структурирани решенија за отворање на каналите на комуникација помеѓу ДЗР и Јавното обвинителство и изнаоѓање на ефективен модел за ефикасно постапување на Јавното обвинителство по конечните ревизорски извештаи, особено во оние извештаи каде што има индиции за сторено кривично дело.

Во текот на 2022 се планирани обуки и експертска поддршка во делот на вршење родови ревизии како и воведување на родова перспектива во други видови на ревизии, подготовка на методологија за вршење родово базирана ревизија, во рамките на проектот „Промоција на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија", финансиски поддржан од Швајцарската агенција за развој и соработка и Шведската агенција за меѓународна соработка и развој - Сида, кој се спроведува од UN Women. Исто така, со поддршка на UN Women ќе се обезбеди учество на регионални конференции и студиска посета за вработените на ДЗР за размена на искуства и градење на капацитетите на државните ревизии во делот на родово базираните политики. Учеството на регионални настани ќе биде предмет на одобрување согласно протоколите и насоките за заштита од Ковид-19.

## 7. Правна рамка и стратешки документи

Наш приоритет и во 2022 година ќе биде ефективно завршување на постапката на регулирање на уставноста на Државниот завод за ревизија и зајакнување на финансиската и оперативна независност на ДЗР, како и воспоставување на редовен и ефективен механизам за разгледување на ревизорските извештаи во Собранието на РСМ по примерот на европските пракси.

Со цел подобрување на правната рамка за државната ревизија заради постигнување на уставна независност на ДЗР и зајакнување на финансиската и оперативната независност во согласност со меѓународните стандарди и најдобрите практики на ЕУ, во рамки на Твининг проектот, спроведена е проценка на правната рамка за државната ревизија и дадени се предлози за постигнување уставна независност и зајакнување на финансиската и оперативна независност на ДЗР.

Како резултат на овие активности, со поддршка на Твининг проектот во 2022 година ќе се реализираат следните активности:

- Изготвување на нацрт амандман за изменување и дополнување на Уставот на РСМ за регулирање на ДЗР како уставна категорија и негово доставување до овластениот предлагач на уставната измена за да биде поднесен до Собранието на РСМ;
- Изготвување на нов нацрт Закон за државната ревизија со цел зајакнување на финансиската и оперативната независност на ДЗР и негово доставување до Собранието на Република Северна Македонија и
- Изготвување на подзаконска регулатива врз основа на подобрената законска рамка.

Како резултат на активностите на Твининг проект, согласно извршените проценки на законите во врска со ревизијата на финансирање на политичките партии и изборните кампањи, јавните набавки и новиот предлог Закон за буџети, кои се поврзани со законската рамка за државната ревизија, ќе се дадат предлози за нивно усогласување и подобрување.

Со поддршка на новиот Твининг проект врз основа на спроведена проценка и дадени предлози за подобрување на правната рамка на ДЗР и Собранието на РСМ за доставување и разгледување на ревизорските извештаи, ќе се изготват процедури за изготвување и доставување на ревизорски извештаи и други документи до Собранието на РСМ, како и за нивно разгледување од страна на Собранието на РСМ. Во рамки на активностите на Твининг проектот во 2022 година ќе се ажурира содржината на „Вовед во ревизорските извештаи" наменет за пратениците и собраниската администрација, кој беше изготвен во рамки на претходен проект на ДЗР за меѓународна соработка.

Заради подобрување на стратешкото и годишното планирање на ДЗР во рамки на Твининг проектот во 2022 година ќе се завршат активностите започнати во 2021 година кои се однесуваат на:

- Изготвување на нова Стратегија за развој на ДЗР за период од пет години со Акциски план за нејзино реализирање. Со изготвувањето на новата Стратегија ќе се утврдат измени на мисијата и визијата на ДЗР и ќе се утврди потребата за подготовка на нова ИТ Стратегија на ДЗР и другите стратешки документи на ДЗР, со оглед дека истите произлегуваат од Стратегијата за развој на ДЗР и

- Изготвување на нова структура и опфат на Годишната програма за работа на ДЗР во согласност со новите стратешки документи на ДЗР.

## 8. Методолошки акти и подобрување на ревизорските процеси

Ревизорските стандарди обезбедуваат упатства за ревизорите за одредување на ревизорските чекори и постапки кои треба да се применат во ревизиите и се состојат од критериуми во однос на кои се оценува квалитетот на резултатите од ревизиите. Прирачниците и упатствата ги водат ревизорите кон остварување на квалитетот на ревизиите согласно ревизорските стандарди.

Со поддршка на Твининг проектот, врз основа на изготвените подобрени методолошки акти за ревизија на успешност и за ИТ ревизија, новиот методолошки акт за ревизија на фондовите на ЕУ и за откривање на измами и неправилности, како и дадените препораки за подобрување на методолошкиот акт за следење на препораките содржани во ревизорските извештаи, во 2022 година ќе бидат спроведени 15 пилот ревизии со поддршка на твининг партнерите и експертите од земји членки на ЕУ.

Согласно препораките од активностите на Твининг проектот за подобрување на контролата и осигурувањето на квалитетот на ревизиите, ќе бидат изготвени упатства за подобрување на контролата и осигурување на квалитетот на ревизиите.

Со цел доуредување на методолошките акти во областа на ревизијата на усогласеност согласно меѓународните стандарди на врховните ревизорски институции, во 2022 година од страна на веќе формираната работна група во ДЗР ќе биде изготвен нов методолошки акт за ревизијата на усогласеност како посебен вид на ревизија.

Како резултат на соработката со OECD-SIGMA во областа на ревизијата на буџетот на државата, изготвени се Насоки за ревизија на Буџетот на Република Северна Македонија. Во рамки на Твининг проектот во 2022 година се планира да се изврши анализа со изготвување на препораки за подобрување на процесот на ревизија на Годишната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија, како и да се спроведе пилот ревизија со поддршка на твининг партнерите.

Со цел подобрување на презентацијата на ревизорските резултати и препораки, во рамки на активностите на Твининг проект ќе бидат спроведени следните активности:

- Презентирање на нова структура и содржина на ревизорските извештаи во согласност со Рамката за професионални објави на INTOSAI (IFPP) и
- Доставување на предлози за измени и дополнувања на структурата и содржината на Годишниот извештај на ДЗР заради подобрување на презентацијата на работата на ДЗР и резултатите од ревизорските извештаи.

Заради имплементација на стандардите за етика, во рамки на Твининг проектот ќе биде изготвен нов Етички кодекс за вработените во ДЗР и ќе биде воведен систем за следење на неговата примена.

Во текот на 2022 година ќе се изготви Водич за практики за ревизија на родовата еднаквост во Западен Балкан , како методолошки акт за вршење родово базирана ревизија, во рамките на проектот „Промоција на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија“, финансиски поддржан од Швајцарската агенција за развој и соработка и Шведската агенција за меѓународна соработка и развој - Сида, кој се спроведува од UN Women.

Во насока на понатамошно усогласување, ќе продолжи преведувањето и објавувањето на македонски јазик на принципите, стандардите и упатствата содржани во Рамката за професионални објави на INTOSAI (IFPP), како и на методолошки упатства и друга стручна литература од областа на ревизијата, издадени од комитети и работни групи на INTOSAI и EUROSAI, со цел нивно усогласување и имплементација во ревизорската пракса.

## 9. Информатичка технологија и информациски систем на ДЗР и ИТ ревизија

Следејќи ги најновите технолошки достигнувања во областа на информатичката технологија, а со цел унапредување на начинот на извршување на државната ревизија, за 2022 година се планирани следните активности:

- Ефективно и ефикасно користење на ресурсите на информацискиот систем на Државниот завод за ревизија согласно стратешките цели за употреба на информатичката технологија во државната ревизија;
- Изготвување и усвојување на ИТ Стратегија на Државниот завод за ревизија во согласност со новите стратешки цели, преку анализа на употребата на информатичката технологија во ревизијата и процесите во Државниот завод за ревизија;
- Поддршка во администрирање на апликативните софтвери во Државниот завод за ревизија: систем за управување со процесот на ревизија, систем за анализа на податоците од ревизорските извештаи, наодите и препораките, систем за архивско работење, систем за финансиско работење, систем за човечки ресурси и систем на електронска достава на документи за потребите на ревизорскиот процес;
- Анализа на потребата од надградба на постојните системи;
- Континуирано следење на современите технолошки решенија во ИТ областа и имплементација на нови софтверски решенија во поддршка на работните процеси во државната ревизија;
- Целосна имплементација на центар за обнова од катастрофа на секундарна локација;
- Следење на имплементација на ИТ политиките и процедурите, како и процедурите за користење на Системот за управување со процесот на ревизијата;

- Соработка со останатите државни институции во делот на размена на податоци за потребите на ревизијата;
- Поддршка на ревизијата во делот на преземање и обработка на базите на податоци на субјектите предмет на ревизија (употреба на компјутерски потпомогнати ревизорски техники - CAATs, и примена на IDEA софтвер, во анализата на податоците, избор на примерок и негово документирање);
- Ревизија на информациски системи од кои се процесираат податоци и информации за изготвување на финансиските извештаи кај субјектите предмет на ревизија во 2022 година, како составен дел на ревизијата на регуларност, и
- Континуирано следење на активностите и соработка со ИТ работната група на EUROSAI и другите меѓународни организации за ИТ ревизија.

Во рамки на новиот Твининг проект, во 2022 година планирани се следните активности за зајакнување на капацитетите за ИТ и ИТ ревизија:

- Обуки за напредни вештини за примена на CAAT во ревизии / ИДЕА софтвер;
- Изготвување на преглед на веб-страницата на ДЗР со препораки за подобрување;
- Спроведување на проценка со препораки за воведување, имплементација, следење и одржување на системот за управување со безбедноста на информациите на ДЗР, согласно ISO27001: 2013.

## 10. Меѓународна соработка

Стратешка определба на Државниот завод за ревизија во 2022 година ќе биде натамошно унапредување на меѓународната соработка во насока на идентификување, размена и промовирање на добрите ревизорски практики на ВРИ во однос на методологијата и искуствата за формите, содржините, периодот и начинот на објавување на резултатите од ревизиите и следењето на ефектите од извршените ревизии, како и утврдените појави на измама и корупција, обезбедување квалитет на ревизиите, развојот на капацитетите за обука, видот на соработка со ВРИ, транспарентноста и информирањето на јавноста и соработката со медиумите.

Реализацијата на овие цели ќе се одвива со активно учество на ДЗР во постојните и новоформирани работни и проектни групи на ЕУРОСАИ и ИНТОСАИ, Европскиот суд на ревизори (ЕСР), мрежата на претседателите, СИГМА и други меѓународни организации и институции. Формите на соработка ќе опфатат работа во работните групи во кои ДЗР членува, учество на симпозиуми, семинари, работилници, кооперативни ревизии, е-обуки, како и давање придонес кон истражувањата кои се прават по прашања од државната ревизија на меѓународно

ниво, оценувачки мисии, како и учества на конгреси, конференции и друго. Поради заштитните мерки од COVID-19 кои сé уште се применуваат на глобално ниво, овие активности во најголем дел ќе бидат реализирани далечински преку видео конференции и во форма на вебинари. Како и во претходните години ДЗР ќе даде свој придонес во билтените - стручните списанија на работните групи во кои активно членува со објавување на текстови за релевантни теми и иновативни пристапи во ревизијата.

Во 2022 година ДЗР ќе продолжи активно да учествува во работата и реализацијата на активностите на работните групи на ЕУРОСАИ/ИНТОСАИ за ревизија на програмите од областа на животната средина и ИТ ревизија, во кои членува од 2002, односно 2005 година. Покрај на редовните годишни состаноци и семинари, ДЗР ќе учествува и во подготовката на релевантни документи, прашалници и други истражувачки активности, зацртани во работните планови на овие работни групи кои имаат за цел креирање на широка база на податоци и нивно приближување до заинтересираните ВРИ.

ДЗР е активен учесник во работењето на специјалната група на ЕУРОСАИ за ревизија на општините (ТФМА), уште од нејзиното формирање во 2017 година. Активностите во 2022 година ќе бидат во насока на реализирање на кооперативната ревизија на тема „Сопствените приходи на општините за обезбедување квалитетни услуги на граѓаните за време на пандемијата“ во која учествуваат шест ВРИ и ДЗР ја има улогата на носител/координатор на ревизијата.

Државниот завод за ревизија ќе ги продолжи активностите на полето на етиката, со приклучување кон новата ЕУРОСАИ Мрежа за етика (Н.ЕТ) формирана во април 2021 година на XI конгрес на ЕУРОСАИ.

Активностите во работната група на ИНТОСАИ за јавен долг (WGPD) се во рамките на активностите насочени кон реализација на проектите, иницирани во работниот план на WGPD за 2020-2022 година: Компендиум-Збир на практични процедури во ревизијата на овластување за долг, склучување договор и правна рамка на јавен долг, и Мапирање на мандатите на ВРИ за ревизија на јавниот долг. И двата проекти на кои ДЗР има улога на носител се во фаза на извршување и се подготвуваат финални документи кои ќе бидат доставени до WGPD и ИНТОСАИ за добивање на коментари и забелешки и подоцна нивно одобрување и презентирање на стручната јавност.

Како реакција на новите случувања предизвикани од пандемијата од COVID-19, во рамките на стратешкиот план на ЕУРОСАИ 2017-2023 се формира нова проектна група “Подготовка за идни ризици и климатски кризи: Време за долгорочен поглед на ревизијата“. На покана на иницијаторите, ВРИ на Финска и Европскиот суд на ревизори, на оваа проектна група се приклучија 21 ВРИ меѓу кои и ДЗР во својство на активен учесник. Следните активности на ова поле ќе бидат во насока на прибирање на релевантни информации од претходни ревизии и нивно споделување со останатите членки на групата.

Врховните ревизорски институции од земјите кандидати и потенцијални кандидати за членство во ЕУ ќе продолжат со јакнење на своите капацитети во рамките на мрежата на претседателите, која ја сочинуваат ВРИ од земјите кандидати и потенцијални кандидати за прием во ЕУ: Турција, Република Северна Македонија, Црна Гора, Србија, Албанија, Босна и Херцеговина, ЕСР и Косово* (во својство на набљудувач). Активностите на мрежата се со цел да овозможат полесно интегрирање на земјите кои се на патот за прием во европското семејство. Истите се одвиваат во координација на офицерите за врски на ВРИ и со поддршка на Работната група на КК (Контакт комитет) за заеднички ревизорски активности, Европскиот суд на ревизори, потоа ВРИ на земјите членки на ЕУ и СИГМА. Фокусот во 2022 година, во зависност од условите со пандемијата, би требал да биде на одложените настани од Рамковниот план на мрежата (2018-2020+) кои беа планирани за 2020, а останаа нереализирани и во 2021 година: пишување на ефективни ревизорски извештаи и соработка со граѓанското општество во насока на подобрување на ревизорското влијание и серија на работилници за унапредување на ревизијата на усогласеност, иницирана од ВРИ на Србија и со поддршка на ВРИ на Шведска и други ВРИ од ЕУ.

Во 2022 година ќе продолжи соработката на ДЗР со СИГМА по основ на земјите од мрежата на тема COVID-19 и трошоците поврзани со пандемијата.

Активностите кои претставниците на ДЗР ги започнаа во 2020 година по основ на учество во кооперативната ревизија на тема “Пластичен отпад“, во 2021 година резултираа со издавање на конечен ревизорски извештај и истиот е објавен на веб страната на ДЗР. Се очекува објавување на заеднички извештај од спроведената кооперативна ревизија од страна на ВРИ на Полска, како координатор на кооперативната ревизија.

Учеството на претставници на ДЗР на состаноците и активностите организирани од страна на Контакт комитетот, што го сочинуваат ВРИ од земјите на Европската Унија, ќе овозможи континуирано следење на најновите случувања во областа на владеењето/управувањето со јавните финансии во ЕУ, влијанието на новата регулатива на ЕУ врз работењето на ЕСР и националните ВРИ, како и искуствата во областа на ревизорската пракса (методите, пристапот, изборот на подрачјата - предмет на ревизија, комуникацијата со засегнатите страни) кои се насочени кон подобрување на одговорноста и отчетноста во трошењето на средствата доделени од европските фондови.

На билатерален план (доколку условите заради пандемијата овозможат) ДЗР ќе реализира работни посети (дома и во странство) на највисоко ниво со повеќе ВРИ членки на ЕУРОСАИ со цел размена на искуствата по актуелни прашања од областа на ревизијата и функционирањето на врховните ревизорски институции.

Во однос на обуките и другите стручни настани кои ќе бидат организираа во 2022 година од страна на ЕУРОСАИ, ИНТОСАИ, ЕСР, ЦЕФ, ЦИПФА и други, сé поизвесно е дека ќе продолжи праксата истите да бидат реализирани по далечински или хибриден начин, како вебинари и видео конференции. Ваквата

форма на одржување на меѓународните настани обезбедува можност истите да ги следат поголем број вработени во ДЗР.

Државниот завод за ревизија ќе продолжи и со придонесот во ажурирањето на националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА) и на преговарачките позиции на Република Северна Македонија за преговори за членство во ЕУ за периодот 2021-2023, како и во процесот на известување за статусот на активностите од акцискиот план преку активностите на работните групи за подрачјата: 23-антикорупциска политика и 32-финансиска контрола. Учеството во придонесот кон годишниот извештај на ЕК за МК ќе биде исто така една од важните задачи на ДЗР во 2022 година.

ДЗР со свои претставници активно учествуваше во процесот на програмирање на ИПА 3 за периодот 2021 – 2027 година иницирaн од ДЕУ во РСМ и даде придонес во изготвување на Стратешкиот одговор од аспект на Програмата за реформи во УЈФ и изготви две акциски фишеа за финансирање на проекти за потребите на ДЗР во вкупна вредност од 4,2 милиони евра кои се вклучени во акциското фише за УЈФ (од кои еден проект е за услуги од 2,2 милиони евра и еден е проект за набавка на софтвери и опрема во износ од 2 милиони евра).

## 11. Обработка, анализа и известување за податоците од спроведените ревизии

За да се обезбедат континуирани, независни, објективни, релевантни и транспарентни информации во кои ќе имаат доверба јавноста и релевантните институции, Државниот завод за ревизија посветува континуирано должно внимание на обработката и анализата на информациите произлезени од Конечните ревизорски извештаи.

Овие податоци на редовна основа ќе се обработуваат во Систем за анализа на податоци од ревизорските извештаи (САПРИ софтверот) кој е интегриран, автономен и функционален систем за обработка и анализа на податоците од конечните ревизорски извештаи. На овој начин се обезбедуваат сигурни, ажурни, навремени и релевантни информации за потребите на Државниот завод за ревизија, Собранието на Република Северна Македонија, други засегнати страни и јавноста.

Во текот на 2022 година Државниот завод за ревизија ќе продолжи со следните активности:

- во континуитет ќе ја следи реализацијата на Годишната програма и Акциониот план за нејзино извршување;
- во континуитет ќе се врши обработка и внес на податоците од конечните ревизорски извештаи како и другите пропратни документи кои произлегуваат од спроведените ревизии во САПРИ софтверот;
- во континуитет ќе се обработуваат и евидентираат добиените повратни информации од Јавното обвинителство, Државната комисија за спречување

на корупцијата и други надлежни органи и институции, за фазата на постапување по конечните ревизорски извештаи доставени до нив;

- во континуитет ќе се обработуваат и евидентираат повратните информации добиени од ревидираните субјекти за фазата на постапување по дадените препораки во Конечните ревизорски извештаи (ИЗПМ образец), како и податоците кои ќе произлезат од Извештаите по спроведените follow up проверки на почетокот на годината за постапување на ревидираните субјекти по дадените препораки;
- преку добиените излезни извештаи ќе се прават дополнителни анализи за утврдување на состојбите и трендовите кај утврдените состојби, препораките, изразените мислења, ревидираните јавни приходи и расходи, системските слабости, статусот на дадените препораки, повратните информации и сл.;
- ќе се прават посебни анализи и ќе се подготвуваат извештаи за цели на годишното известување, годишното планирање, за одредени потреби на Државниот завод за ревизија, јавноста или други институции и засегнати страни.

На овој начин ќе се овозможи континуирано следење на реализацијата на Годишната програма и Акцискиот план за работа на Државниот завод за ревизија во целост, како и на секоја одделна ревизија согласно фазата на извршување во која се наоѓа истата.

## 12. Информирање на надлежни органи во функција на подобро управување со јавните средства

Државниот завод за ревизија и во 2022 година преку јасни, реални, објективни и навремени информации за констатирани неправилности, колизии и неусогласености на законските прописи, незаконско постапување со јавните средства и можните случаи на корупција и злоупотреба на службената должност, ќе даде свој придонес во исполнување на дел од надлежностите на Собранието на РСМ.

Државниот завод за ревизија ќе продолжи да работи на унапредување на соработката како со Собранието на РСМ, така и со субјектите предмет на ревизија, со основна цел зголемување на нивната свесност и одговорност за преземање на мерки за надминување на констатираните неправилности, а се во функција на унапредување на управувањето со јавните средства.

### 12.1. Активности во насока на надминување на системски слабости и колизии на законски прописи

Идентификувањето на колизии на законски прописи, недоречености или неусогласености на законската рамка, е важен аспект при вршењето на ревизиите.

За идентификуваните состојби Државниот завод за ревизија редовно известува во посебен дел од конечните ревизорски извештаи – Останати прашања, како и во Годишниот извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија.

Со редовното доставување на конечните ревизорски извештаи до Собранието и надлежните органи, Државниот завод за ревизија го насочува вниманието кон овие слабости на органите кои се надлежни да придонесат во нивното отстранување.

Ефекти од овие констатирани состојби врз подоброто управување со јавните средства може да се очекуваат само доколку надлежните институции ги преземат потребните мерки за нивно надминување.

Следењето и информирањето за активностите за надминување на констатираните системски слабости е една од стратешките цели на Државниот завод за ревизија.

### 12.2. Соработка со Собранието на РСМ, Владата на РСМ, Министерството за финансии и другите надлежни органи

Соработката со Собранието на РСМ, Владата на РСМ и Министерството за финансии и други надлежни органи ќе се одвива во функција на подобрена координација и интеракција на клучните засегнати страни во системот на државната ревизија.

Во рамки на своите редовни активности, Државниот завод за ревизија во 2022 година ќе се насочи кон:

- Редовно информирање на Собранието на Република Северна Македонија и другите надлежни органи за извршените ревизии и за резултатите од истите;
- Доставување и презентирање на Годишниот извештај на Државниот завод за ревизија за 2021 година во Собранието на Република Северна Македонија;
- Известување на Собранието на Република Северна Македонија и другите надлежни органи за системски слабости кои индицираат активности од нивна надлежност;
- Соработката со Министерството за финансии согласно потпишаниот Протокол за соработка, како и во однос на изготвување на новата Програма за реформа на управувањето со јавните средства 2022 – 2025 година и нејзино имплементирање согласно Акцискиот план за 2022 година, известување за утврдените состојби за не уплатени средства во Буџетот на РСМ од страна на субјектите предмет на ревизија и давање предлози и коментари на предлог законите кои се од надлежност на МФ, и

- Соработката со Владата на Република Северна Македонија, како орган надлежен за контрола и надзор над работењето на субјектите кои треба да ги спроведуваат препораките содржани во ревизорските извештаи.

Препораките на ЕК за зголемен надзор и следење од страна на Собранието на РСМ преку собраниска дискусија на ревизорските извештаи, ќе бидат остварени преку активности во рамки на Компонентата 3 на новиот Твининг проектот, со кои треба да се постигне:

1. Подобрена правна рамка и методолошка рамка на ДЗР и Собранието за доставување и разгледување на ревизорските извештаи во Собранието согласно препораките од Твининг проект;
2. Подобрена соработка помеѓу Собранието и Државниот завод за ревизија за разгледување на ревизорските извештаи, и
3. Зајакнување на капацитетите на Собранието за разгледување на ревизорските извештаи согласно новата правна и методолошка рамка.

Овие резултати во 2022 година ќе се постигнат преку следните активности во рамки новиот Твининг проект:

- Како дел од активностите во рамки на Твининг проектот, делегации на високо ниво од ДЗР на Република Северна Македонија и ДЗР на Република Хрватска учествуваа на состанокот со претседателот на Собранието на Република Северна Македонија г. Талат Џафери за презентирање на изготвениот нацрт Меморандум за соработка помеѓу Собранието и ДЗР, нагласувајќи ја потребата од зајакнување на соработката меѓу двете институции, особено за разгледување и постапување по доставените ревизорски извештаи. Се очекува наведениот меморандум да биде потпишан во 2022 година;
- Изготвување на апстракти од ревизорските извештаи кои содржат информации од важност за пратениците и собраниската администрација;
- Изготвување на акциски план за подобрување на соработката помеѓу Собранието на РСМ и ДЗР за разгледување на ревизорските извештаи, во согласност стратешките документи на ДЗР и Собранието;
- Изготвување на процедури во ДЗР за изготвување и доставување на ревизорски извештаи и други документи до Собранието на РСМ;
- Изготвување на процедури на Собранието на РСМ за механизмот за разгледување на ревизорските извештаи (од приемот на ревизорските извештаи и другите документи до усвојувањето на заклучоците за нив и следењето на имплементацијата на препораките);
- Подготвување на измени и дополнувања на постојниот Прирачник „Вовед во ревизорски извештаи";
- Изготвување на План за обука на заинтересираните пратеници и собраниската администрација заради подобро разбирање на утврдените

состојби во ревизорските извештаи и подготовка за дебата за ревизорските извештаи, и

- Спроведување на обуки согласно Планот за обуки (преку работилници, студии на случаи, симулации на дебата) за пратениците и собраниската администрација за подобро разбирање на ревизорските извештаи и подготовки за дебатата за ревизорските извештаи.

Во рамки на проектот „Поддршка за имплементација на Стратегијата за комуникација на Државниот завод за ревизија“, кој Државниот завод за ревизија го спроведува со Фондацијата за демократија на Вестминстер (WFD) во соработка со Институтот за истражување на општествениот развој РЕСИС, во текот на 2022 година се планирани активности за зајакнување на соработката со надлежните институции (Собрание на РСМ, Јавно обвинителство на РСМ, Влада на РСМ и Министерство за финансии).

Во таа насока, со Собранието на РСМ се планирани состаноци на ревизорите со службите во Собранието на РСМ за извештаи по основ на неповолно мислење или воздржување од давање мислење, презентации на извештаи од страна на овластените државни ревизори пред соодветните собраниски комисии, како и обуки за пратеници за секој нов мандат.

Во однос на комуникацијата со Јавното обвинителство на РСМ, Државниот завод за ревизија планира одржување на лице-в-лице состаноци со јавни обвинители за ревизорски извештаи каде што има индиции за сторено кривично дело, како и работилница со јавни обвинители. Исто така во текот на 2022 година се очекува потпишување на Меморандум за соработка помеѓу ЈО на РСМ и ДЗР.

### 12.3. Активности поврзани со спречување на корупцијата

Активностите на Државниот завод за ревизија поврзани со спречување на корупцијата се одвиваат во согласност со овластувањата и обврските утврдени со Законот за државната ревизија, Законот за јавното обвинителство, Законот за спречување на корупција и судирот на интереси и друга релевантна законска регулатива.

Во тие рамки, во текот на 2022 година, Државниот завод за ревизија ќе продолжи да:

- Доставува конечни ревизорски извештаи/известувања до надлежните органи, за наоди кои индицираат активности од нивна надлежност и да обезбедува повратни информации за преземени мерки согласно нивните надлежности;
- Доставува извештаи и информации за извршени ревизии, по барање на одделни институции;
- Одржува работни средби за меѓусебно информирање, размена на искуства поврзани со методологијата на работа и презентација на утврдените

состојби во конечните ревизорски извештаи, усогласување на прописи, запознавање со европската легислатива од аспект на борбата против корупцијата и вршењето на државната ревизија;

- Преку свои претставници да учествува во работата и активностите на Меѓуресорското тело за координација на активностите против корупцијата, како и активно ќе соработува со Државната комисијата за спречување на корупција во делот на преземените активности од Националната стратегија за борба против корупцијата и судирот на интереси 2022 - 2025, а кои активности се поврзани со Државниот завод за ревизија;
- Државниот завод за ревизија ќе продолжи со активностите за континуирана соработка со надлежните органи каде пред се во фокус на своите активности е Јавното обвинителство на Република Северна Македонија. За таа цел од страна на двете институции номинирани се контакт лица за меѓусебна размена на податоци и информации со цел остварување на побрза и поефикасна комуникација помеѓу двете институции, иницирање на едукативни настани за ревизорите и обвинителите како можност за размена на искуства и знаења, заедничко дефинирање на форма/образец во која ќе бидат посочени наодите и утврдени состојби од Конечните ревизорски извештаи по кои согласно законските надлежности треба да постапува јавното обвинителство и потпишување на Меморандум за соработка помеѓу двете институции;
- Дава активен придонес во работата на Анти-корупциската деловна коалиција, како и на другите антикорупциски органи.

Државниот завод за ревизија донесе Годишен план за спречување на корупцијата за 2022 година. Со овој Годишен план се утврдени конкретни мерки и активности кои ДЗР ќе ги преземе во насока на спречување на корупција на ниво на самата институција, како и при вршењето на државна ревизија на финансиските извештаи на субјектите на ревизија кои имаат или може да имаат влијание во извршувањето на надлежностите на ДЗР. Надлежностите на ДЗР, пред сé се пропишани со одредбите од Законот за државната ревизија, Законот за јавни набавки, Законот за финансирање на политички партии, Изборниот законик, Закон за буџетите, Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, Законот за локалната самоуправа и друга релевантна законска рамка, стандардите и стратешките документи на Државниот завод за ревизија.

Во насока на спречување на корупцијата ДЗР, презема мерки и активности за:

- Демонстрирање на волја на раководниот менаџмент на ДЗР за спречување корупција и судир на интереси;
- Преиспитување на законската регулатива поврзана со државната ревизија а во врска со спречување на корупција и судир на интереси;
- Демонстрирање етика и интегритет во спречувањето на корупцијата и судирот на интереси;

- Континуирана дигитализација во вршењето на државната ревизија;
- Континуирана отчетност и транспарентност во вршењето државна ревизија и комуникација со медиумите и пошироката јавност;
- Управување со човечки ресурси во правец на едукација и дејствување во превенција и спречување корупција и судир на интереси;
- Почитување на начелата и принципите утврдени во одредбите на Законот за јавните набавки при доделувањето на договорите за јавни набавки;
- Донесување на интерни правила и процедури за поодделните процеси вклучувајќи го и процесот на доделување на договорите за јавни набавки;
- Почитување на начелата утврдени со Законот за буџетите при извршување на финансискиот план (буџет) за ДЗР и известувањето за неговото извршување, и
- Дополнителни контролни механизми за спречување на корупцијата.

Во рамките на активностите од компонента 3 – подобрување на превенцијата и борбата против корупцијата, од Твининг проектот "Поддршка на ЕУ за владеење на правото", а како дел од поддршката за професионален развој на вработените, двајца вработени од Државниот завод за ревизија ќе го продолжат своето учество на магистерски студии во областа на борбата против корупцијата и градењето интегритет на Меѓународната Антикорупциска Академија (IACA) во Лаксенбург, Австрија.

### 12.4. Следење на препораките дадени во конечните ревизорски извештаи

Заради остварување на основната цел на ревизијата - водење грижа за јавните средства и унапредување на управувањето со истите, навременото откривање на отстапувањата од прифатените стандарди и повредите на принципите на законитост, ефикасност, ефективност и економичност во раководењето со јавните средства, Државниот завод за ревизија упатува јасни и ефективни препораки, со цел да се преземат чекори со кои отстапувањата и повредите во иднина да се спречат или отежнат.

Корективните мерки за имплементација на препораките му овозможуваат на раководството на субјектот предмет на ревизија да ја подобри ефективноста и ефикасноста на работењето.

Во рамките на постапките на вршење на ревизиите, Државниот завод за ревизија континуирано го следи и анализира спроведувањето на дадените препораки во Конечните ревизорски извештаи.

Следењето на имплементацијата на препораките во Државниот завод за ревизија ќе се врши:

- Преку постапки за follow up / прегледи кои претставуваат составен дел на тековната ревизија за Конечните ревизорски извештаи од претходни години;
- Преку добивање информации од субјектот предмет на ревизија согласно член 32 од Законот за државната ревизија (ИЗПМ);
- Преку постапки за проверка на преземените мерки од страна на субјектот опфатен со ревизија (follow up проверка) на почетокот на годината во врска со утврдените состојби и дадените препораки содржани во конечните ревизорски извештаи од тековната Годишна програма (Ревизорски извештаи кои се конечни заклучно со 31-ви Октомври) и Ревизии од претходната Годишна програма кои се конечни по 31-ви Октомври) и
- Преку follow up проверки како посебен вид на ревизија.

Системот за следење на спроведувањето на препораките дадени во конечните ревизорски извештаи е составна компонента на САПРИ софтверот за обработка и анализа на податоците од Конечните ревизорски извештаи.

Државниот завод за ревизија и во 2022 година преку јасни, реални, објективни и навремени информации за констатирани неправилности, колизии, неусогласености на законските прописи, незаконско постапување со јавните средства и можните случаи на корупција и злоупотреба на службената должност, ќе даде свој придонес во исполнување на дел од надлежностите на Собранието на РСМ.

Државниот завод за ревизија ќе продолжи да работи на унапредување на соработката како со Собранието на РСМ, така и со субјектите предмет на ревизија, со основна цел зголемување на нивната свесност и одговорност за преземање на мерки за надминување на констатираните неправилности, а се во функција на унапредување на управувањето со јавните средства.

## 13. Информирање на јавноста

Информирањето на јавноста за работењето и активностите на ДЗР, со цел обезбедување на висок степен на транспарентност, отчетност и видливост на Државниот завод за ревизија ќе биде еден од приоритетите и во текот на 2022 година. Државниот завод за ревизија ќе ги продолжи своите активности во насока на одржување навремена комуникација и информирање на заинтересираните страни (општа јавност, медиуми, граѓански организации и институции) за начинот на користењето на јавните средства од страна на буџетските корисници.

Во текот на 2021 година, Државниот завод за ревизија ги интензивираше своите активности за воспоставување на ефикасен и ефективен систем на комуникација, градејќи заеднички партнерски однос со медиумите и граѓанските организации. Со стратешки пристап преку имплементација на „Комуникациската стратегија на Државниот завод за ревизија (2020-2023)“, која е поддржана со проект финансиран од Британската влада, интенцијата на ДЗР е да создаде комуникација во која

медиумите, граѓаните и граѓанските организации ќе бидат сојузници во остварувањето на стратешките цели и зголемувањето на транспарентноста, отчетноста и одговорноста во користењето на јавните средства, т.е. средствата на даночните обврзници.

Соработката помеѓу ДЗР и граѓанските организации и медиуми е зајакната на начин на кој ДЗР, континуирано и навремено информира и известува приближно 380 засегнати надворешни страни (медиуми, истражувачки новинари, граѓански организации и институции)за објавените конечни ревизорски извештаи на веб страницата на ДЗР.




Покрај линк до ревизорскиот извештај, на заинтересираните страни им се доставува и соопштение за медиуми, како и Апстракт од ревизорски извештај во кој се содржани клучните утврдени состојби.

Во текот на 2022 година, Државниот завод за ревизија ќе продолжи со објавувањето на Конечните ревизорски извештаи на веб страницата, заедно со забелешките на субјектите дадени по однос на ревизорските нацрт-извештаи, односно одговорите на ДЗР по однос на забелешките.

За навремено информирање на јавноста и за подобрување на комуникацијата со надворешните заинтересирани страни, во 2022 година ДЗР ги планира следниве активности:

- објавување на конечните ревизорски извештаи на веб страницата, заедно со забелешките на субјектите предмет на ревизијата и одговорите на ДЗР по однос на забелешките;

- објавување на Апстракт / соопштение за јавноста од конечните ревизорски извештаи наменети за медиумите и новинарите, како и за невладините организации;
- визуелизација на податоците во конечните ревизорски извештаи и Годишниот извештај за работата на ДЗР преку изработка на инфографици;
- организирање брифинзи и прес-конференции по утврдените состојби и препораките на конкретен конечен ревизорски извештај за кој ќе биде направена проценка дека е од интерес за пошироката јавност;
- објавување на веб страницата на „Годишниот извештај на ДЗР за работењето во 2021 година" и информирање на сите засегнати страни;
- објавување на информации, вести и други содржини на веб страницата и на официјалната Фејсбук страница на ДЗР за планираните и за тековно реализираните настани и активности на ДЗР;
- објавување на извештаите на политичките партии за добиените донации (локални избори);
- објавување на извештаи од регистарот за примени донации на политичките партии;
- подготвување на одговори на барањата пристигнати до ДЗР согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер;
- подготвување на одговори на поставени новинарски прашања кои се однесуваат на ревизорски извештај или активности од работењето на ДЗР;
- дисеминација на потребните информации на институциите со кои ДЗР соработува и на сите други заинтересирани и засегнати страни од процесот на вршење државна ревизија, и
- воведување на нови средства и инструменти на комуникација со засегнатите и заинтересираните страни од процесот на вршење државна ревизија.

## 14. Очекувани резултати во 2022 година

Клучните резултати од работењето на Државниот завод за ревизија се согледуваат во:

- поддршка на Собранието на РСМ во исполнувањето на неговите надлежности преку идентификација и презентација на неправилностите, случаите на противзаконско работење и можни случаи на корупција и злоупотреба на функцијата;
- давање на јасни и ефективни препораки на државните и другите институции од јавниот сектор во унапредување на управувањето со јавните средства;

- давање придонес за зголемување на транспарентноста и отчетноста на користењето на јавните средства / средствата на даночните обврзници, а со тоа и подобрување на квалитетот на животот на граѓаните на Република Северна Македонија преку испорака на услуги со почитување на принципите на сигурност во давањето на услугите, континуитет и квалитет на услугата, транспарентност, достапност и универзална услуга, заштита на корисниците и граѓаните;
- утврдување на состојби на даночна евазија, неплаќање на јавни давачки и надоместоци во Буџетот на Република Северна Македонија со што ДЗР обезбедува поврат на вложените средства од Буџетот на РСМ;
- ревизија на доделувањето на договорите за ЈН со посебен акцент на доделувањето на договорите за ЈН во услови на пандемијата;
- давање насоки за начинот на планирање на капиталните инвестиции, обезбедувањето на потребните средства и следење на нивната реализација (со посебен осврт на средства обезбедени од меѓународни кредитори), и утврдување на ефектите од наведените инвестиции;
- следење на степенот на задолжување и давање придонес во начинот управување со јавните финансии.

## 15. Извршување на Годишната програма за работа на ДЗР

Годишната програма за работа на ДЗР за 2022 година ќе се реализира согласно Акциски план за извршување на Годишната програма за работа на ДЗР, кој е составен дел на програмата.

## 16. Завршни одредби

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 01.01.2022 година.

Број 01 – 1322/1

**Главен државен ревизор**

Скопје, 22.12.2021 година

**м-р Максим Ацевски**

Република Северна Македонија ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

**Прилог бр. 1**

# ГОДИШНА ПРОГРАМА

## за работа на Државниот завод за ревизија за 2022 година

## Преглед на планирани ревизии

## РЕВИЗИИ НА РЕГУЛАРНОСТ

| ИК | Ред.бр. Годишна програма | Ред. бр. во класата | ОПИС | Место |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 1 | 1 | Основен буџет на Република Северна Македонија за 2021 година | Скопје |
| 2 | 2 | 1 | Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија Ц.О. Скопје | Скопје |
| | 3 | 2 | Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија | Скопје |
| 3 | 4 | 1 | Влада на Република Северна Македонија | Скопје |
| | 5 | 2 | Министерство за финансии- функции на држава | Скопје |
| | 6 | 3 | Царинска управа на Република Северна Македонија | Скопје |
| | 7 | 4 | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | Скопје |
| | 8 | 5 | Министерство за труд и социјална политика | Скопје |
| | 9 | 6 | Агенција за млади и спорт | Скопје |
| 4 | 10 | 1 | Политичка партија Социјалдемократски сојуз на Македонија | Скопје |
| | 11 | 2 | ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство - ВМРО-ДПМНЕ | Скопје |
| | 12 | 3 | Демократска унија за интеграција-ДУИ | Скопје |
| | 13 | 4 | Политичка партија Алтернатива | Скопје |
| | 14 - 151 | 5 - 142 | Локални избори 2021* | Скопје и општините |
| 5 | 152 | 1 | Агенција за филм (со продолжена ревизија на Друштво за филмски работници) | Скопје |
| | 153 | 2 | ЈУ Дом за стари лица Киро Крстевски Платник | Прилеп |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6 | 154 | 1 | ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија | Скопје |
| 7 | 155 | 1 | Град Скопје | Скопје |
| | 156 | 2 | Општина Кисела Вода | Скопје |
| | 157 | 3 | Општина Ѓорче Петров | Скопје |
| | 158 | 4 | Општина Карпош | Скопје |
| | 159 | 5 | Општина Бутел | Скопје |
| | 160 | 6 | Општина Тетово | Тетово |
| | 161 | 7 | Општина Штип | Штип |
| | 162 | 8 | Општина Свети Николе | Свети Николе |
| | 163 | 9 | Општина Арачиново | Арачиново |
| 10 | 164 | 1 | ЈКП Комуналец Свети Николе | Свети Николе |
| | 165 | 2 | ЈП Водовод и канализација Скопје | Скопје |
| 12 | 166 | 1 | АД за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост МЕПСО Скопје | Скопје |
| **РЕВИЗИИ НА УСПЕШНОСТ/РЕВИЗИИ НА УСОГЛАСЕНОСТ/ТЕМАТСКИ РЕВИЗИИ/ИТ РЕВИЗИИ** | | | | |
| РУ | 167 | 1 | Користење на водите за наводнување | Скопје и општините |
| РУ | 168 | 2 | Процес на добивање и користење на средствата од Инструментот Инвестициска рамка за земјите од Западен Балкан (WBIF) | Скопје и општините |
| РУ | 169 | 3 | Ефективност на спроведување на Стратегијата за реформи во правосудниот сектор 2017 – 2022 и спроведување на Акцискиот план на Стратегијата | Скопје |
| РУ | 170 | 4 | Рамномерен регионален развој со посебен акцент на демографијата | Скопје и општините |
| РУ | 171 | 5 | Сопствените приходи на општините за обезбедување квалитетни услуги на граѓаните за време на пандемијата | Скопје и општините |
| РУ | 172 | 6 | Даноците за животна средина во функција на ефективно спроведување на политиките за заштита на животната средина | Скопје и општините |
| РУ | 173 | 7 | Ефикасност на политики и мерки за заштита, управување и ревитализација на недвижното културно наследство | Скопје и општините |
| РУ | 174 | 8 | Систем за управување со кризи и заштита од пожари | Скопје и општините |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **РУ** | 175 | | Подготвеноста на енергетскиот систем да се справи со енергетска криза | Скопје и општините |
| **РУ** | 176 | 10 | Реформа на јавната администрација | Скопје |
| **РУ/ ИТ** | 177 | 11 | Ефективност на информацискиот систем во Управата за јавни приходи за администрација на јавните давачки | Скопје |
| **РУ/ ИТ** | 178 | 12 | Земјоделските регистри во МЗШВ и АХВ, и нивната употреба во функција на ефективно остварување на правата и исполнување на обврските на земјоделските стопанства | Скопје |
| **РУС** | 179 | 13 | Пописот на населението, домаќинства и становите 2021 година | Скопје |
| **РУС** | 180 | 14 | Финансиска поддршка (кофинансирани грантови) за микро, мали и средни претпријатија за иновации и технолошки развој. | Скопје |
| **РУС** | 181 | 16 | Развојот и работењето на технолошките индустриски развојни зони | Скопје и општините |
| **РУС** | 182 | 17 | Државна изборна комисија - Исплатени средства од Државната изборна комисија за извршување на изборните дејствија за спроведување на Локалните изборни 2021 година | Скопје |
| **РУС** | 183 | 18 | Агенција за вработување на Република Северна Македонија - Остварување на права од паричен надоместок | Скопје и општините |

[1] *Изборот за ревизија на учесници во изборната кампања ќе се изврши согласно критериумите утврдени во методолошките акти на ДЗР*